**Известување за концентрација со која Генерали СЦФ С.а р.л. (Generali SCF S.à r.l.), со регистрирано седиште на 15, Булевар Ф.ВВ. Рајфајзен, 1-2411 Луксембург и Унион Инвестмент Реал Естате ГмбХ (Union Investment Real Estate GmbH), со регистрирано седиште на Валентинскамп 70, Емпорио, 20355 Хамбург, Германија, стекнуваат заедничка контрола над Сарагоса Пропертиес СОЦИМИ, С.А. (Zaragoza Properties SOCIMI, S.A.), со регистрирано седиште на Пасео де ла Кастелана 64, 28046, Мадрид, Шпанија (предмет бр. 08-7/2020)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 09.01.2020 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Генерали СЦФ С.а р.л. (Generali SCF S.à r.l.), со регистрирано седиште на 15, Булевар Ф.ВВ. Рајфајзен, 1-2411 Луксембург и Унион Инвестмент Реал Естате ГмбХ (Union Investment Real Estate GmbH), со регистрирано седиште на Валентинскамп 70, Емпорио, 20355 Хамбург, Германија, стекнуваат заедничка контрола над Сарагоса Пропертиес СОЦИМИ, С.А. (Zaragoza Properties SOCIMI, S.A.), со регистрирано седиште на Пасео де ла Кастелана 64, 28046, Мадрид, Шпанија, преку купопродажба на удели.

**Учесници во концентрацијата и нивните деловни анктивности:**

Генерали СЦФ С.а р.л. е новооснован инвестициски фонд чија намена е инвестирање во портфолио на трговски центри. Генерали СЦФ во моментов е во целосна сопственост на Асикурациони Генерали С.п.А. (Assicurazioni Generali S.p.A.; „Генерали“). Генерали е владејачко друштво на меѓународната група на друштва активни во секторот осигурување и финансискиот сектор („Генерали Група“).

Во Северна Македонија, Генерали Групата е присутна преку Друштво за управување со инвестициски фондови ГЕНЕРАЛИ ИНВЕСТМЕНТС АД Скопје, со регистрирано седиште на Бул. Партизански одреди 14А/1-2, 1000 Скопје, Република Северна Македонија и регистрирана дејност – дејности на управување со фондови.

Унион Инвестмент Реал Естате ГмбХ е зависно друштво на Унион Асет Менаџмент Холдинг АГ (Union Asset Management Holding AG), инвестициски продолжеток и зависно друштво на ДЗ Банк АГ (DZ Bank AG). ДЗ Банк е дел од кооперативна финансиска мрежа, која се состои од и е во сопственост на повеќе од 1.000 локални кооперативни банки во Германија. ДЗ Банк работи на глобално ниво и е активна со широк спектар на банкарски услуги, услуги за осигурување и услуги за управување со имот, вклучувајќи банкарство за потрошувачи, банкарство за деловни субјекти, пазари на капитал, и трансакциско банкарство. ДЗ Банк АГ и Унион Инвестмент Реал Естате ГмбХ немаат зависни друштва во Република Северна Македонија.

Сарагоса Пропертиес СОЦИМИ, С.А. е инвестициски труст (*trust*) за недвижности

од Шпанија. Неговите активности се однесуваат на поседување, управување и изнајмување на трговскиот центар и парк за продажба на мало (*retail park*) Пуерто Венеција (Puerto Venecia) лоциран во Сарагоса, Арагон, Шпанија. Сарагоса Пропертиес СОЦИМИ, С.А. во моментов е во сопственост на Инту Сарагоса Холдинг С.а р.л (Intu Zaragoza Holding S.à r.l), зависно друштво во 50% индиректна сопственост на Инту Пропертиес плц (Intu Properties plc), а останатите 50% индиректно поседувани од Канадскиот Пензиски Фонд (Canadian Pension Fund). Инту Пропертиес плц е независно друштво за имот со имот во висина од GBR8 милијарди, и кое котира на берзите во Лондон и Јоханесбург. Сарагоса Пропертиес СОЦИМИ, С.А. нема зависни друштва во Северна Македонија.

Релевантниот пазар на производ за пријавената концентрација би можел да се дефинира како пазар на недвижности за продажба на мало, вклучувајќи трговски центри и паркови за продажба на мало, со најмалку 8.000$m^2$ или 10.000$m^2$.

Што се однесува до географскиот обем на релевантниот пазар за концентрацијата, Подносителот предлага релевантниот географски пазар да биде дефиниран како територијата на *Република Северна Македонија.*

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на факс: 02 3296 466, на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

14.01.2020 година
Скопје